# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР"- НЕГОТИНО

## за периодот од 2021 - 2024



*Неготино, април, 2021 година*

***Преамбула***

Врз основа на член 49 став 1 и член 113 од Законот за основното образование (Сл. весник на РСМ бр.161/19), член 4 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 г.), директорот на ООУ „Страшо Пинџур“-Неготино предложи Развојна програма за работа на училиштето, до Училишниот одбор, по претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители.

По разгледување на предлогот Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“-Неготино, на одржаната седница на ден ________.2021 година, ја усвои Развојната програма за работа на училиштето за периодот од 2021-2024 година.

## *Содржина*


***Вовед***

1. Општи податоци за основното училиште
    1.1 Идентификациони  податоци за училиштето
    1.2 . Историјат на училиштето
    1.3 Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта
2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага училиштето
    2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
    2.2. Работен стаж на вработените
    2.3. Простор
    2.4. Опрема и наставни средства
    2.5. Материјално - финансиско работење на училиштето
3. Подрачје на работа на училиштето, наставен план и наставна програма
4. Евалуација на работата на  училиштето во претходните четири години
    4.1. самоевалуација на на училиштето
    4.2. интегрална евалуација на училиштето
5. Фактори кои влијаат на развојот на училиштето
6. Мисија и визија на училиштето
7. Стратешки цели и  приоритетни подрачја за развој на училиштето во четиригодишниот период

8. Соработка на училиштето со родителите/старателите

9. Соработка на училиштето со општината, институции од областа на образованието, НВО, и др.

10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на училиштето

11. Евалуација на Развојната програма за работа на училиштето

12. Заклучок

13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиштето

14. Користена литература

***Вовед***

Реализацијата на воспитно – образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Сепак, денес во општествени услови на интензивни и динамични промени, повеќе од било кога порано, нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштето. Оваа развојна програма е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период во ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготоино, а како интегрален дел од годишните програми и развојната програма за работа на директорот.

Во текот на учебната 2020/21 година е спроведена самоевалуација на училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување, во месец февруари, 2019 година е реализирана интегрална евалуација на училиштето, од страна на Државниот просветен инспекторат. Анализата на добиените резултати и препораките од интегралната евалуација се основа за формирање на приоритетите на училиштето, конструкцијата на акциониот план, кој ги содржи сите потребни елементи во насока на надминување на утврдените слабости.

Реализацијата на сите поставени цели и задачи ќе биде во согласност со законските нормативи и Статутот на училиштето за успешна реализација на планирањата. Исто така, оваа програма има за цел добро програмирани и поставени задачи, форми, методи и рокови за упешна реализација на целите, како следење, анализирање и проучување на одредени проблеми кои би се појавиле во текот на работењето. Директорот ќе биде тој што ќе ја следи визијата на училиштето и ќе се обиде да ја реализира неговата мисијата.

# 1. Општи податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Страшо Пинџур“ |
| Адреса | ул.„ Партизанска“ бр. 146 |
| Место, општина | Неготино, општина Неготино |
| Телефон | 043/361 - 900 |
| Веб-страница | www.spingur.mk |
| Е - маил | spingur.negotino@gmail.com |
| Ден на училиштето | 5 – ти Март |
| Внатрешна површина на училиштето (m2), со ПУ | 2736 |
| Училиштен двор (m2), со ПУ | 9042 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПУ с. Криволак, ПУ с. Пепелиште, ПУ с. Војшанци, ПУ с. Црвени Бреговои |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 1100 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 868 |
| Број на паралелки | 44 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици | да |

| | |
|---|---|
| со посебни образовни потреби | |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | две |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | нема |

1.2. Историјат на училиштето

ООУ „Страшо Пинџур“ – Неготино е лоцирано на подрачјето на Петта месна заедница и е најстарото училиште во нашата општина изградено уште во далечната 1933 год. Својата воспитно – образовна дејност училиштето ја започнува во учебната 1937/38 год. Овој податок укажува на тоа дека нашето училиште е образовна институција со големо искуство, традиција и изграден имиџ.

После Втората Светска војна, во учебната 1945/46, училиштето го добило името на истакнатиот тиквешки револуционер Страшо Пинџур, кое име и денес гордо го носи.

Денес во рамките на општинското основно училиште работат и четири подрачни училишта во кои се остварува воспитно-образовна дејност за ученици од I до V одделение и тоа:

→ ПУ с. Криволак

→ ПУ с. Пепелиште

→ ПУ с. Војшанци

→ ПУ с. Црвени Брегови

Во сите четири подрачни училишта наставата се изведува во понови објекти, кои целосно ги задоволуваат потребите за изведување на современа настава.

Наставата во централното училиште се изведува во една зграда и во една барака, а од учебната 2011/2012 година пуштена е во функција и новоизградената фискултурната сала. Исто така, во состав на училиштето функционира и една комбинирана паралелка од I до IX одделение за ученици со посебни образовни потреби.

Во училиштето учат вкупно 868 ученици распоредени во 44 паралелки од прво до деветто одделение, вклучувајќи ја и комбинираната паралелка за ученици со посебни потреби, со 3 ученици.

## 1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

Училиштето секоја година со своите ученици редовно учествува и остварува успеси на натпревари, конкурси и манифестации. Во текот на годините освојувани се и високи државни места. Наставниците и стручните соработници постојано учествуваат во голем број проекти, иницијативи и работни групи на државно ниво, каде се признаени како професионалци и даваат придонес во свое и во името на училиштето. Училиштето во последниве години учествувало и учествува во следниве проекти:

- *E twinning платформа* (електронско вмрежување, поврзување). Преку оваа платформа наши наставници, заедно со учениците, досега неколку пати одржаа skype-a-thon, ребрендиран во Мајкрософт настан – Microsoft Global Learning Connection каде имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат со ученици од цел свет, со цел културна размена, учење, забава, споделување знаења, искуство, активности и добри практики.
- *Центар за поддршка на учениците со попреченост,* инклузирани во редовната настава (ќе се активира од идната учебна година со отварање на сензорна соба);

- *Редовно на часови:Акција за  вклучување на Ромите во основното образование“.* Проектот се реализира  од страна на Фондацијата Отворено општество-Македонија, и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, поддржан од МОН, а финансиран од Европската унија.
- *Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран,* кој го  спроведува Фондрацијата „Чекор по чекор“, во соработка со МОН и БРО, а финансиран од Европската унија. (проектот е активен).
*„НЕ ГО ФРЛАЈ ТВОЈОТ ОТПАД“,*поддржан од Фондот за иновации и технолошки развој. Предизвик на група ученици, млади истражувачи, ќе биде изработка на средство за чистење од органски отпад. (проектот е активен).

- Еразмус проект *” Upgrade Yourself with Learner Centered Approach”.*  Овој проект ќе се реализира следните три години и е од акцијата КА203. Наставниците ќе имаат можност да се едуцираат и сертифицираат за пристап во наставата каде што ученикот е во центарот на училницата. Обуките ќе се одвиваат во Словачка, Литванија, Латвија и Македонија.

- Програмата, *Образование за животни вештини* од I до IX-то одделение (веќе внесено во наставните програми);
- *Математика со размислување и јазична писменост во почетните одделенија*; ( веќе внесено во наставните програми);
- *Користење на информационен систем за Управување со образованието (ЕМИС/ЕСАРУ И Е-дневник)*, ( се уште трае);
- *Edubuntu* во наставата (веќе внесено во наставните програми);
- *Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем* ( се уште активен);
- *Со читање до лидерство (* завршен проект);
- *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците (*веќе внесено во наставните програми);
- *Антикорупциска едукација на учениците* (се уште трае);
- *Меѓуетничка интеграција во образованието* (се уште трае);
- *ЕДУИНО* – учество на наставници во креирањето на наставни содржини за учење на далечина – се вклучија повеќе наставници и се уште трае.

Во дворот на централното училиште е изградена и нова спортска сала која е целосно опремена, како и мини игралиште за футсал и кошарка. Како дел од училишната зграда во ПУ с. Војшанци и Црвени Брегови, функционираат игралнi, наменети за деца од предучилишна возраст, финансирани од општината.

Како посебни манифестации по кои е препознатливо нашето училиште се: Новогодишниот базар, Новогодишен концерт, Априлијада и Велигденскиот хепенинг.

## 2. <u>Преглед на постоечките ресурси со кои располага училиштето</u>

### <u>2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка</u>

| **Стручен профил** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **М-р** | **ВСС** | **ВШС** | **ССС** | **Осн.** | |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 27 | 1 | 26 | | | | |
| | Предметна настава | 36 | 2 | 32 | 2 | | | |
| Раководен кадар | 1 | | | 1 | | | | |
| Стручни соработници | 3 | | 1 | 2 | | | | |
| Административни службеници | 2 | | | 1 | 1 | | | |
| Помошен и технички кадар | 19 | | | | | 17 | 2 | |

2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одд. настава | Број на вработени наставници во предм. настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени администр. службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 7 | 13 | 2 | | 5 | |
| Од 10 до 20 години | 10 | 12 | | 1 | 7 | |
| Од 20 до 30 години | 7 | 8 | 1 | 1 | 5 | |
| Повеќе од 30 години | 3 | 3 | | | 2 | 1 |
| **Вкупно** | 27 | 36 | 3 | 2 | 19 | 1 |

## 2.3. Простор

Табеларен преглед на просторните услови во **централното училиште**

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (м2)** | **Состојба (се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 год.)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 4 | 190 м2 | 5 | / |
| **Кабинети** | 22 | 2425 м2 | 19 кабинети – 5<br>3 кабинети - 3 | 3 кабинети |
| **Библиотека** | 1 | 45,86 м2 | 4 | 1 читална |
| **Спортска сала** | 1 | 645 м2 | 5 | / |
| **Канцеларии** | 7 | 124 м2 | 5 канц. – 5<br>2 канц. - 3 | 2 канцеларии |
| **Училиштен двор** | 2 | 1096 м2 | 5 | / |
| **Заеднички простор за прослави** | / | / | / | / |
| **Кујна и трпезарија** | 1 | 186 м2 | 5 | / |
| **Друго** | 8 | 637 м2 | 4 | 3 простории |

Табеларен преглед на просторните услови во ПУ с. **Криволак**

| Просторија | Вкупен број | Површина (м2) | Состојба (се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 год.) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл. |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 5 | 249 м2 | 5 | / |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Библиотека** | 1 | 15 м2 | 4 | 1 читална |
| **Спортска сала** | / | / | / | / |
| **Канцеларии** | 1 | 26 м2 | 5 | 5 |
| **Училиштен двор** | 1 | 2369 м2 | 5 | / |
| **Заеднички простор за прослави** | / | / | / | / |
| **Кујна и трпезарија** | 1 | 127 м2 | 5 | 5 |
| **Друго** | 3 | 247 м2 | 5 | / |

Табеларен преглед на просторните услови во ПУ с. **Пепелиште**

| Просторија | Вкупен број | Површина (м2) | Состојба (се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 год.) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 5 | 249 м2 | 5 | / |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Библиотека** | 1 | 15 м2 | 4 | 1 читална |
| **Спортска сала** | / | / | / | / |
| **Канцеларии** | 1 | 26 м2 | 5 | 5 |
| **Училиштен двор** | 1 | 1620 м2 | 5 | / |
| **Заеднички простор за прослави** | / | / | / | / |
| **Кујна и трпезарија** | 1 | 127 м2 | 5 | / |
| **Друго** | 3 | 247 м2 | 5 | / |

Табеларен преглед на просторните услови во ПУ с. **Војшанци**

| Просторија | Вкупен број | Површина (м2) | Состојба (се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 год.) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 4 | 164 м2 | 4 | 1 училница |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Библиотека** | / | / | / | / |
| **Спортска сала** | / | / | / | / |
| **Канцеларии** | 1 | 12 м2 | 5 | / |
| **Училиштен двор** | 1 | 2092 м2 | 5 | / |
| **Заеднички простор за прослави** | / | / | / | / |
| **Кујна** | / | / | / | / |
| **Трпезарија** | / | / | / | / |
| **Друго** | 3 | 66 м2 | 5 | / |

Табеларен преглед на просторните услови во ПУ с **Црвени Брегови**

| Просторија | Вкупен број | Површина (м2) | Состојба (се оценува од 1-5, согласно Нормативот од 2019 год.) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| **Училници** | 2 | 82 м2 | 5 | / |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Библиотека** | / | / | / | / |
| **Спортска сала** | / | / | / | / |
| **Канцеларии** | 1 | 14 м2 | 5 | / |
| **Училиштен двор** | 2 | 300 м2 | 5 | / |
| **Заеднички простор за прослави** | / | / | / | / |
| **Кујна** | / | / | / | / |
| **Трпезарија** | / | / | / | / |
| **Друго** | 2 | 8 м2 | 5 | / |

2.4. Опрема и наставни средства

| Наставен предмет (одделенска настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| *Македонски јазик* | Лектири, Библиотека на тркала, флеш карти, постери со букви за прво одд., ЛЦД- проектори, ЛЦД –телевизори во секоја училница, печатачи, компјутери во делумна исправност. | 6 комплети -Сликовници, 9 комплети флеш карти со букви и зборови,10 работни тетратки со едукативни активности за прво и второ одделение |
| *Математика* | Пластифицирани часовници, Математички комплети со флеш карти и работни листови, дрвени шестари и триаголници, Пластифицирани ваги, сет со геометриски фигури, логички плочки, танграми, постери со броеви, дрвени и пластифицирани прачки и друг дидактички материјал.<br>Модели на цело дропки, магнетни плочки (логички плочки)<br>метра: на извлекување, ѕидарско, платнен сантиметар, мензура од 1 литар,1 децилитар, 1 центилитар нагледни средства за течност<br>вертикален бројач<br>нумеричка трака | сложувалки, сета танграми, подни сунѓерести геометриски форми за 1 одделение, Пластифицирани сетови за 3д форми, постери, метални ваги со тегови |
| *Општество* | Географски карти за Македонија | Постери-мапи |

| | | |
|---|---|---|
| *Музичко образование* | Детски инструменти, 3 пара звучници, ЦД –Плеери, ЦД дискови. | Детски инструменти комплети,кабел за поврзување од лап топ до ТВ |
| *Физичко образование* | мали топчиња<br>лесни топки(за одбојка), кошарка, фудбал и ракомет, пумпи, кош мал на ногарки<br>гол мал, куглана, душеци, јажиња, хулахопи<br>мрежа одбојкарска<br>обрачи<br>Медицинска<br>Вага со висино метар | Препрека за скокање, Јаже за влечење, конусни чинии, конусен корнет. |
| *Ликовно образование* | | Сталки за сликање |

| Наставен предмет (предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| *Македонски јазик* | Магнетна табла, плутена табла, телевизор | HDMI кабел |
| *Странски јазици (англиски и франц. јазик)* | Касетофон/ЦД плеер- Комплет ЦД-а со аудио записи од одобрените учебници, Телевизор, Компјутер,постери, флеш карти, мапи, речници, табла, списанија, изработки и сл. | аудио звучници за компјутер/лаптоп (за користење на дигитални аудио записи) Компјутер, флеш картички, постери |
| *Математика* | Телевизор, табла, компкутер, прибор линеари и шестар, мрежи на 3Д форми, 3Д форми, вага | Часовник, геометриски фигури за волумен, геометриски сет за плоштина на тела, 2д форми- плочки, модел на танграм, модел на конус, модел на цело-дропки, модел на куб |
| *Историја* | Телевизор, компјутер, табла, креда, историски атлас, историски карти, историска читанка | HDMI кабел |
| *Географија* | -физички и политички географски карти за различни региони<br>-глобус (физички и индукционен)<br>-компаси<br>-модел – сонце-земја-месечина | -Телевизор<br>-HDMI кабел |

| | | |
|---|---|---|
| *Биологија*<br><br>*и Природни науки* | Телевизор,компјутер, микроскоп, торзо со модели од внатрешни органи, стакларија, збирка на растенија и животни, постери соодветно со наставните содржини | |
| *Хемија* | 1.Телевизор<br>2.Компјутер за секој ученик поврзани со сервери<br>3.3Д модел на атом<br>4.Модели на атоми<br>5.Термометри<br>6.Вага<br>7.Стакларија<br>8.Аван со толчник<br>9.Збирки минерали<br>10.Постери на процеси соодветно со наставните содржини<br>11.Хемикалии | |
| *Физика* | Опрема за изведување:<br>обиди за еластичност, движење и сила, рамнотежа, лост, притисок, електрицитет, магнетно поле | Опрема за изведување обиди од енергија<br>Опрема за обиди од топлина и звук |
| *Информатика* | 24 компјутери<br>1 ЛЦД телевизор<br>1лаптоп<br>1 таблет за цртање<br>20 микробитови | Програмибилни роботи- Mbot, lego robot, smart LCD Panel<br>Интернет врска што дозволува работа со Office 365 |
| *Техничко образование* | 1 Модел на струјно коло<br>2 Модели на робот | Модел на електрично коло<br>Модел на соларен погон |

| | | |
|---|---|---|
| | 1 Модел на ветерница | Модел на робот<br>Модел на ветерница |
| *Ликовно образование* | Бои и четки | Аудио-визуелни средства (ТВ,Дигитален фотоапарат, компјутер, интернет |
| *Музичко образование* | Клавинова – Yamaha<br>Табла за нотен запис<br>ЛЦД монитор<br>Компјутер, блок флејти, ударни инструменти, озвучување со миксета и два звучника, три микрофони со сталки, три кабли за микрофони | Две акустични гитари |
| *Физичко и здр. образование* | 35 топки за ракомет,<br>35 топки за фудбал<br>35 топки за кошарка<br>35 топки за одбојка<br>4 пикадо, 20 јажиња<br>1 мрежа за одбојка<br>40 обрачи-хулахоп<br>40 Маркери(големи и мали)<br>1 коњ со рачки, 1 јарец<br>1 отскочна даска<br>12 душеци, 1 голема греда, 2 мали греди,<br>1 голем душек,<br>1 разбој<br>2 маси за пинг п-понг<br>2 пара лопатки за пинг-понг, вага за мерење на тел. Тежина,10 комплети спортски дресови | |

## 2.5. Материјално - финансиско работење на училиштето

Пред почетокот на секоја учебна година, во училиштето се вложуваат големи напори за подобрување на материјално техничките услови. Се вршат сите неопходни подготовки, како во централното, така и во подрачните училишта: санација на водоводната мрежа во градот, молерисување на цоклињата во ходниците, обновување на фасадата на бараката со фасадна-еко боја, молерисување на кабинетите во бараката, демонтажа на стариот и поставување нов котел за парно греење во ПУ с. Пепелиште.

Се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории, со цел успешно стартување на новата учебна година.

Училиштето располага и со голем број на нагледни средства со цел успешна реализација на воспитно образовниот процес. Ќе споменеме само дел од наставните нагледни средства што се користат во централното и подрачните училишта:

- Компјутери од МОН -17 (со 120 монитори, мауси и тинклиенти)
- Персонални компјутери – 34
- Компјутери за вработените - 8
- 30 Лаптопи (за ученици до трето одд.)
- лаптопи – HP – 5
- Ласер – HP (принт, скен, копир) – 1
- Копир – Ricon – 1
- Printer –HP – 1002 -10
- Sharp - ( скен, копир) – 1
- Printer Canon 6300 - 1
- Printer vo boja – Epson L 3060 – 1

- Printer/copir – Kyosera – 1 br.
- Samsung -2 br. Printer
- ЛЦД проектори -6
- Телевизори – 21
- Клима уред – 10
- Панел – греалка – 2
- 10 Касетофони
- Озвучување -1
- Клавинова  - 1
- Патничко моторно возило- автомобил – Форд Фокус-1

## 3. <u>Подрачје на работа на училиштето, наставен план и наставна програма</u>

Законска поставеност на основното образование Основното образование во Република Северна Македонија, засега, е првиот задолжителен степен на образование што ги опфаќа учениците на возраст од 5 години и 8 месеци, односно 6 години, до 14 години и 5 месеци, односно 15 години, и е организирано во три периода, и тоа: од I до III одделение, од IV до VI одделение и од VII до IX одделение. Воспитно-образовниот процес и дејноста на основното образование се уредуваат со Законот за основно образование. Актуелниот Закон за основно образование1 го утврдува правото на образование на секое дете и ги утврдува начелата врз основа на кои се развива основното образование: најдобар интерес и целосен развој на ученикот; еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност; општообразовен карактер на основното образование; обезбедување квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците; активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата; подготвување на ученикот за доживотно учење; прифаќање на

различностите, мултикултурализам и интеркултурализам; грижа за физичката безбедност и здравје; автономност, компетентност и одговорност и партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа. Законот ја нагласува заштитата од дискриминација и промоцијата на еднаквост, како и инклузивниот карактер на основното образование. Со Законот се уредуваат и организацијата и работата на основните училишта, организацијата, планирањето и реализирањето на воспитно-образовната работа, правата и обврските на учениците, обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа. Со одделни подзаконски акти (правилници, упатства, програми) се уредуваат различни аспекти и сегменти на воспитно-образовниот процес во основното образование.

Од воведувањето на деветгодишното образование во 2007 година, па до денес, се прават обиди да се следат современите трендови во образованието, како и да се подигне квалитетот на наставата и учењето. Изготвени се наставни програми насочени кон целите, спроведени се обуки на наставниот кадар и имплементирани се голем број проекти за унапредување на квалитетот на наставата и учењето од страна на институциите на системот, меѓународни и домашни организации. Изготвена е Стратегија за образование за 2018 – 2025 која ги поставува клучните активности кои треба да се преземат во следните години за да се подобрат наставата и учењето. Приоритетите вклучуваат настава која е насочена кон ученикот, мерење на напредокот во учењето во однос на резултатите  (наместо акцентот да е само на стекнување знаење) и воведување на национално оценување.

Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаа развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма.

Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III, IV и V одделение; творештво во IV и V одлеление како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и како изборни предмети; етика на религиите: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, изборен спорт,

унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и МетОдологијата за вреднување на учебник.

Од учебната 2019/20 година  во прво одделение, часот по Физичко и здравствено образование, покрај одд. раководител , се реализира заедно и со предметен наставник по ФЗО (тандем настава).

Во почетокот на 2020 година во светот настана здравствената криза со Ковид 19, односно беше прогласена пандемија во светот, што изврши големо влјание и  врз системите за образование и обука во Европа и светот. Тоа ја истакна потребата од унапредување на дигиталното образование и негово третирање како клучна стратешка цел за висококвалитетно учење и учење во дигиталното време. Како што ќе се надминува фазата на вонредна состојба наметната од избувнувањето на пандемијата, така ќе расте потребата од развивање стратешки и долгорочен пристап кон дигиталното образование и обука.

Во Р.С.Македонија учебната 2019/20 година заврши како настава од далечина, а исто  така и во учебната 2020/21 г. стартуваше како настава со физичко присуство (за учениците од 1-3 одд. ) и настава од далечина (за учениците од 4-9 одд).

## ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО И НАСТАВНА ПРОГРАМА

| **Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано** | **Наставна програма** | **Основано од** | **Датум на верификација** | **Број на одд. и паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование | Национална програма | 01.12.1944 г. | 10-3718/1 16.06.1999 год. | 9/44 |

## *ФРЕКФЕНЦИЈА НА УПИС НА ПРВАЧИЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ*

| ***Наставна програма*** | ***Вид на настава*** | ***Учебна година*** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
| **Деветгодишно основно образование** | Класична настава | 88 | 101 | 110 | 118 |

## *БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ*

| Учебна година | **Број на ученици** | | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|
| | ***Одделенска настава*** | ***Предметна настава*** | |
| **2017/18** | 469 | 376 | 845 |
| **2018/19** | 470 | 372 | 842 |
| **2019/20** | 493 | 355 | 848 |
| **2020/21** | 507 | 361 | 868 |

## 4. Евалуација на работата на  училиштето во претходните четири години

4.1 самоевалуација на на училиштето

4.2. интегрална евалуација на училиштето

Анализа  од  самоевалуацијата на училиштето, од 2018-2020 година

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Наставата се организира согласно наставните планови и програми<br>• Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставата и работи тимски и во Активи<br>• Училиштето соработува со родителите, локалната средина, бизнис секторот и невладини организации<br>• Учениците самостојно вршат избор на изборните предмети и воннаставните  активности<br>• Систематски се следат, споредуваат и анализираат постигањата на учениците<br>• Учениците се оценуваат објективно, а родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците (на родителски средби, преку Е дневник, евидентни листови)<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите,  пропишани од БРО<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку ДОД и ДОП настава и  современи форми и методи во наставата ( ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)<br>• Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените  ученици се врши од страна на инклузивниот тим и стручната служба<br>• Зголемување на бројот на учениците кои учествуваат на натпревари и на истите постигнуваат  високи резултати. | • Голем дел од  фондот на учебниците во предметна настава, како и дел од учебниците во одделенска настава, се оштетени и тешки за користење бидејќи се во употреба повеќе од 5-6 години без да бидат заменети со нови<br>• Учениците од предметна настава имаат помал интерес за додатна настава во однос на учениците од одд. настава<br>• Намалено присуството на родителите на родителските средби кога се соопштува успехот;<br>- Оценувањето на учениците во рамките на онлајн наставата е необјективно;<br>- Стекнатите знаења од онлајн часовите делумно ги исполнува поставените воспитно-образовни цели<br>• Квалитетот на храната којашто им е пристапна на учениците не задоволува;<br>• Поголема информираност кај родителите за активностите во училиштето (предавања за превенција за алкохол, пушење и наркотични средства, за презентации за средни училиште за учениците од 9-то одделение, и работилници од разни видови);<br>• Незадоволително е присуството на родителите |

| | |
|---|---|
| • Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста<br>• Директорот и стручната служба редовно даваат поддршка на наставниците и ги следат нивните планирања<br>• Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел учениците да стекната трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците во една стимулативна и демократска средина<br>• Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот.<br>• Не постои родова и етничка поделеност во училиштето<br>• Секој ученик има целосна поддршка од страна на стручната служба во решавањето на воспитно-образовните проблеми<br>• Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата;<br>• Во училиштето има План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари, поплави и земјотреси со кои се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни непогоди;<br>• Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците и наставниците;<br>• Со Вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор во стручната служба, на повисоко ниво е подигната севкупната грижа за учениците со ПОП-изработка на индивидуални образовни планови, индивидуална работа на учениците со ПОП, подигнување на свеста кај соучениците за учениците со ПОП кои се инклузирани во наставата; | на проблематичните и слаби ученици на повик за разговор и/или советување, како и на родителските средби;<br>• Неопходна е ротирање на учениците од одд. и предметна настава, при работа во смени<br>• Недостига дневен престој.<br>• Заради тесните ходници понекогаш се создава гужва при движењето на учениците.<br>• Неопходно е реконструкција на дотраената училишна барака во која се сместени три кабинети.<br>• Училиштето нема обезбедено обука за новите членови на УО<br>• Учениците делумно учествуваат во донесувањето на сите-важни одлуки за работата и функционирањето на училиштето |

| | |
|---|---|
| • Ангажирани образовни асистенти за децата со посебни потреби;<br>• Училиштето води грижа на учениците со телесни пречки во развојот;<br>• Училиштето организира хуманитарни акции за учениците и им помага на децата од социјално загрозените семејства;<br>• Училиштето успешно соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, полициска станица и други институции во општината;<br>• Училиштето редовно врши обновување на ИКТ опрема, инвентарот (клупи и столчиња), наставни средства и помагала и фондот на лектирни изданија и стручна литература;<br>• Подобрена е енергетската ефикасност во ПУ с.Пепелиште, со набавка на нов котел за парно греење<br>• Сите постапки поврзани со финансиското работење кои ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи;<br>• Ефикасно и ефективно работење на Органот на управување и Раководниот орган<br>• Континуирано подобрување на инфраструктурата на училиштето | |

Анализа од последната <u>интегрална евалуација</u> на училиштето, февруари, 2019 година

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| - Реализација на инфраструктурни зафати, набавка на училничка опрема (клупи, столчиња и табли), наставни средства и литература и др. опрема;<br>- Добри просторни и сместувачки услови, естетски обликувани училници и училишен двор, во матичното училиште;<br>- Училиштето соработува со невладини организации и локалната самоуправа;<br>- Наменско користење на буџетот, за цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина;<br>- Училиштето постои како стимулативна и поттикнувачка средина за учениците, која буди интерес за учење;<br>- Добро раководење на училиштето<br>- | - Слабо присуство на родители на ученици со послаб успех, на родителски средби;<br>- Нееднаква опременост на кабинетите во училиштето;<br>- Нема организирана исхрана за учениците, во училиштето во градот; |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на училиштето

### 5.1. *Локални фактори* кои влијаеле врз развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје на општина Неготино, место во чија близина се наоѓаат индивидуални станбени згради, градинка, православен храм-црквата Св. Атанасиј“, Градска библиотека, Основен суд, Домот на културата и помали стопански објекти.

Во изминатите четири години бројот на запишани ученици на ниво на училиште не покажува големи отстапувања и истиот се движи од 850-860.

Последниве десеттина години се интензивира иселувањето во странство, претежно на млади брачни парови од општината, но со таа емиграција, реонот во кое се наоѓа нашето училиште сеуште не трпи видливи последици.

За учениците од предметна настава кои доаѓаат од приградските населби, Криволак, Пепелиште, Војшанци и Црвени Брегови, а не се оддалечени повеќе од 10 км. се организира превоз од страна на училиштето од нивното населено место до централното, во градот. Бројот на учениците кои патуваат изнесува 130.

Училиштето во соработка со основачот во последните три години значително ги подобри условите и капацитетите на за инклузивно образование за децата со попреченост. На истите им беа доделени образовни асистенти, со цел поддршка во процесот на образование.

## 5.2. *Национални фактори* кои влијаеле врз развојот на училиштето

Училиштето работи според Законот за основно образование според кој основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програма, кои на предлог на БРО ги утврдува МОН. Со реформите од 2007 година се случија следниве законски измени во основното образование:

- Програма за советување на родители и Програма за советување на ученици со цел да се зајакнат стручните служби во училиштата;
- БРО во периодот од 2007 до 2015 година изготви 26 прирачници и изведе низа обуки за наставници, реализирани од страна на приближно 500 обучувачи во кои учествуваше и нашето училиште;
- Учениците со ПОП следат настава инклузирани во редовната настава;
- Наставниците од нашето училиште се обучени за работа со овие категории на ученици;

